Проектот е финансиран
од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

„Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“



# ПРИРАЧНИК ЗА СЛУЖБЕНИЦИ ЗА МЛАДИ

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Агенција за млади и спорт

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# ПРИРАЧНИК ЗА СЛУЖБЕНИЦИ ЗА МЛАДИ

Прилеп, 2023

НАСЛОВ НА ПУБЛИКАЦИЈАТА
**Прирачник за службеници за млади**

ПРОЕКТ
**Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата**

ИЗДАВАЧ
**Коалиција на младински организации СЕГА**

ЗА ИЗДАВАЧОТ
**Зоран Илиески**, извршен директор на Коалиција на младински организации СЕГА

АВТОРИ
**Катица Јанева,** независна консултантка
**Сања Божовиќ Стојкоска**, независна консултантка

УРЕДНИЦИ
**Томислав Гајтаноски**,
Раководител за развој на ресурси во Коалиција на младински организации СЕГА

**Јасмина Тодоровска Митева**,
Национална програмска офицерка во Мисијата на ОБСЕ во Скопје

ЛЕКТУРА
**„Санто Стеф – С“** ДООЕЛ Скопје

ТИРАЖ
300 примероци

ДИЗАЈН И ПЕЧАТЕЊЕ
**Бригада дизајн**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

35.077/.08-053.6(497.7)(035)

ЈАНЕВА, Катица
Прирачник за службеници за млади / [автори Катица Јанева, Сања Божовиќ Стојкоска]. - Прилеп : Коалиција на младински организации СЕГА, 2023. - 40 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Поимник: стр. 6-7. - Библиографија: стр. 34-35. - Содржи и: Прилози. - Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата

ISBN 978-608-4631-17-0

1. Божовиќ Стојкоска, Сања [автор]
а) Службеници за млади -- Младински политики -- Јавна управа -- Македонија -- Прирачници

COBISS.MK-ID 60610053

Оваа публикација е подготвена со финансиска поддршка на Европската Унија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Содржината на ова издание е единствена одговорност на авторите и не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Европската Унија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Изразите кои во овој прирачник се користат во граматички машки род се неутрални и се однесуваат на лицата и од машки и од женски род.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД И ЦЕЛ НА ПРИРАЧНИКОТ** ..... **5**

**ПОИМНИК** ..... **6**

**ПОГЛАВЈЕ 1** ..... **8**

СЛУЖБЕНИЦИ ЗА МЛАДИ ..... 8

ЗОШТО СЛУЖБЕНИЦИ ЗА МЛАДИ? ..... 8

АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИТЕ ПОЛИТИКИ ..... 10

ПРОМОЦИЈА НА ПОЗИЦИЈАТА СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ ..... 12

СОРАБОТКА СО ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ И НАЦИОНАЛНО СОВЕТОДАВНО ТЕЛО ..... 14

САМОЕВАЛУАЦИЈА НА СВОЈАТА РАБОТА ..... 16

ПРИДОБИВКИ ЗА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ЗА МЛАДИ ..... 19

ПРЕДИЗВИЦИ ЗА СООДВЕТНО ОСТВАРУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ..... 20

**ПОГЛАВЈЕ 2** ..... **22**

ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ПОВРЗАНА СО МЛАДИ ..... 22

ШТО ОПФАЌА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ? ..... 22

НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ ..... 23

ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ НА МЛАДИНСКИТЕ ПРАШАЊА ..... 24

**ПОГЛАВЈЕ 3** ..... **26**

ПРОЦЕС НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ..... 26

ПРОЦЕС НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ НА ЛОКАЛНО НИВО ..... 26

ДОБРИ ПРАКТИКИ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МЛАДИТЕ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ..... 28

ПРОЦЕС НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО ..... 29

ДОБРИ ПРАКТИКИ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МЛАДИТЕ И ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА ..... 32

**ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ** ..... **33**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ..... **34**

**ПРИЛОЗИ** ..... **36**

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АМС** | Агенција за млади и спорт |
| **ЕК** | Европска комисија |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЕЛС** | Единици на локална самоуправа |
| **ЕМФ** | Европски младински форум |
| **ЗГ** | Здружение на граѓани |
| **ЗЗФ** | Закон за здруженија и фондации |
| **ЗМУМП** | Закон за младинско учество и младински политики |
| **ЛМС** | Локален младински совет |
| **ЛСМ** | Локално собрание на млади |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **НДИ** | Национален демократски институт |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **ОЕЦД** | Организацијата за економска соработка и развој |
| **ОН** | Обединети нации |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **СИГМА** | Заедничка иницијатива на ОЕЦД и Европска Унија за давање поддршка за подобрување на раководењето и управувањето |
| **УНДП** | Програма за развој на Обединетите нации |

# ВОВЕД И ЦЕЛ НА ПРИРАЧНИКОТ

Овој прирачник е наменет за службениците за млади во рамки на органите на државната управа и единиците за локална самоуправа и претставува ресурс во работата со и за младите, младинските граѓански организации и другите чинители во делот на младински политики. Прирачникот е изработен во соработка со Агенцијата за млади и спорт, во рамки на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата", поддржан од Европската Унија, а имплементиран од Коалицијата на младински организации СЕГА во партнерство со СОС Детско село Северна Македонија, Волонтерскиот центар – Скопје и Здружението „Женски форум" – Тетово. Целта на проектот е да го подобри квалитетот на имплементацијата на младинската политика заснована на структурна соработка и суштинско учество на вмреженото граѓанско општество. Подготовката на оваа публикација беше поддржана и од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Службениците за млади се лица назначени во институциите во кои треба да ги унапредуваат младинските политики и младинското учество. Оваа позиција за прв пат се воведува со Законот за младинско учество и младински политики.

Прирачникот содржи упатства, насоки, практични објаснувања и препораки за спроведување на активностите на службениците за млади на национално и на локално ниво. Целта на прирачникот е да ги објасни основните поими содржани во Законот за младинско учество и младински политики, како и процесите за креирање младински политики, да предложи потенцијални активности за службениците за млади, да даде насоки за функционална и ефективна соработка со останатите сектори, локалните младински совети и националното советодавно тело. Посебен дел од прирачникот е посветен на подготовка на работни извештаи, предлог форми за работни планови како и форми за самоевалуација.

Младите претставуваат носители на креативни и иновативни промени во секое општество. Во таа насока, преку одредени механизми и алатки младите треба да ги пренесат своите идеи на службеникот за млади. Постоењето на службеник за млади дава можност за полесно спроведување на овие идеи и промени во рамки на секоја политика во институцијата. Успешната соработка со младите и младинските форми на здружување ќе води кон успешна имплементација на политики на институционално и на секторско ниво. Од друга страна, зголеменото знаење за младинската политика ќе придонесе за развој на процедури и правила во рамки на институцијата кои ќе обезбедат одржлива имплементација на младинско вклучување и младински политики.

Овој прирачник треба да им послужи како алатка на службениците за млади која ќе им помогне во спроведување и следење на прашањата од интерес за младите во рамки на надлежностите на органите на државната управа, како и на самата единица на локална самоуправа.

# ПОИМНИК

**Службеник за млади** – лице одговорно за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата. Органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје се должни да одредат службеник за млади. Службениците за млади во рамки на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје раководат и со канцеларија за млади.

**Млади** – млади лица на возраст од 15 до 29 години.

**Младинска политика** – збир од мерки и активности што се преземаат за да се задоволат потребите на младите со цел да се оствари нивниот целосен потенцијал. Младинската политика претставува стратегија што е воспоставена од надлежните органи за да им обезбеди на младите можности за нивна вклученост во спроведувањето на јавните политики на локално и национално ниво.

**Младинско учество** – процес преку кој им се овозможува на младите да учествуваат и заеднички да носат одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите. Младинското учество им дава простор на младите активно да се вклучат во креирањето и во одлучувањето за политиките и програмите кои се важни за нив.

**Младинска работа** – претставена е преку организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите за остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на заедницата.

**Младински работници** – квалификувани лица способни за работа со млади луѓе и за спроведување активности со кои се поддржува личниот и социјалниот развој на младите преку неформално и информално учење.

**Форми на младинско организирање** – претставени се преку здружувања во младинска организација, организација за млади, младински чадор-организации.

**Младинска организација** – секоја организација што е регистрирана во согласност со Законот за здруженија и фондации[1], во која највисокото тело на одлучување е составено од најмалку две третини млади лица на возраст од 15 до 29 години, чиишто цели и активности се дефинирани и насочени кон унапредување на интересите на младите.

**Организација за млади** – секоја регистрирана организација во согласност со Законот за здруженија и фондации која не е водена од млади, чиј дел од програмските цели и активности се насочени кон унапредување на интересите на младите.

**Младински чадор-организации** – организации во кои членуваат формите на младинско организирање, кои се обединуваат поради остварување заеднички цели во специфични области од интерес на младите.

[1] Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016).

**Национално собрание на млади** – тело на формите на младинско организирање кое врши избор на младински претставници во советодавното тело, креира приоритети и политики за застапување на младинските претставници и ја координира и следи нивната работа.

**Национално советодавно тело за младински политики** – тело за соработка меѓу младински претставници и претставници на органите на државната управа, кое има советодавна и надзорна улога при спроведување на младинските политики и активностите за млади.

**Локален младински совет (ЛМС)** – тело во рамки на локалната самоуправа кое го сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање во општината, кое има советодавна и застапувачка улога за прашања што се од интерес за младите во рамки на локалната самоуправа.

**Локално собрание на млади** – тело во рамки на локалната самоуправа кое ги бира членовите на локалниот младински совет. Во Собранието за млади можат да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

**Национална стратегија за млади** – стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

**Локална стратегија за млади** – стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочните цели во согласност со Националната стратегија за млади и приоритетите за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво, а се утврдуваат и организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

**Канцеларија за млади** – примарна точка за пристап на младите на локално ниво, формирана од општините, општините во градот Скопје и Град Скопје од каде што се координира работата за млади во општините.

**Младински центар** – место каде што се подготвуваат и се спроведуваат програми што ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите.

**Агенција за млади и спорт (АМС)** – државен орган задолжен за сите аспекти од животот на младите лица во државата. Еден од секторите на работа на АМС е Секторот за млади, кој има одделение за младинска политика и одделение за евроинтеграции и меѓународна соработка на младите. АМС е задолжена за координација и спроведување на голем број активности од делокругот на младите и младинските политики поврзани со грижа за статусот на младите и нивниот психофизички развој. Исто така, АМС е одговорна за изработка на националната стратегија за млади низ консултативен, инклузивен и транспарентен процес, како и акциски планови за националната стратегија за млади. АМС води регистар на форми на младинско организирање, кој е јавно објавен на интернет-страницата на агенцијата. Службениците за млади имаат обврска да ги поднесуваат годишните извештаи за работа до АМС.

# ПОГЛАВЈЕ 1
# СЛУЖБЕНИЦИ ЗА МЛАДИ

## ЗОШТО СЛУЖБЕНИЦИ ЗА МЛАДИ?

Вклученоста на младите во работата на институциите е од есенцијално значење за развој на едно општество. Преку воведување ваков пристап се развива чувството на активно граѓанство и припадност на младите во општеството. Кога младите се вклучени во процесот на одлучување од самиот почеток, посебно за прашања што се однесуваат на младите, и се дел од секое решение на институциите, се зголемува и одговорноста кон донесените политики. Колку повеќе млади се вклучени во градење на една демократија толку повеќе се овозможува „идната генерација на носители на одлуки“ да ја унапредува и гради демократијата во своето општество.

До донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики (ЗМУМП)[2], во Република Северна Македонија немаше предвидено посебни работни позиции во рамките на која било институција во однос на младинските прашања[3].

Со цел да се покаже подготвеноста и посветеноста на институциите за унапредување на положбата на младите и слушање на нивните мислења и потреби, законодавецот предвиде секој орган на државна управа, општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје задолжително да назначи службеник за млади.

**Целта на воведување на оваа позиција е да се овозможи поедноставна, побрза и директна комуникација меѓу младите и назначената институција.** Оваа позиција е препознатлива и важна по тоа што директно треба да ги поврзува младите и младинските организации со институцијата во однос на младинските прашања и политики. **Службениците за млади се одговорни за координирање, следење и унапредување на младинските прашања, политики и за учество на младите во рамки на една институција. Меѓу другото, службениците за млади на локално ниво, назначени во рамки на општините и Градот Скопје, се одговорни и за работењето на канцеларијата за млади.** Податоците за службеникот за млади, во секоја институција треба да се јавни и објавени на веб-страницата на институцијата за да може секој заинтересиран млад човек да дојде до оваа информација.

> Податоци за сите службеници за млади се достапни и редовно се ажурираат на веб-страницата на АМС, на следниот линк:
>
> **https://ams.gov.mk/mk/page/youth-officers**

---

2 Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“, бр. 10/20)

3 Вакви примери можат да се сретнат во институциите за други области, како што се: назначено лице одговорно за спроведување на Законот за пристап до информации од јавен карактер, назначено лице одговорно за заштита на лични податоци, назначено лице одговорно за заштита на укажувачи и сл.

Службениците за млади се лица вработени во секоја институција во согласност со Законот за административни службеници[4], кои во своето вршење јавна служба ќе ја извршуваат и функцијата службеник за млади. Според одлуката на Владата на Република Северна Македонија[5], службеникот за млади ги извршува следните работни задачи и обврски:

1. развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите и младинските политики;
2. поддршка на работата на органот на државната управа, спроведување на неговата програма, известување и транспарентност;
3. одржување комуникација и редовна соработка со младинските форми на здружување и со младите;
4. следење на потребите на младите и спроведување истражувања за потребите на органот на државната управа, општината; консултации со младите и следење и информирање за анализите и истражувањата за трендовите кај младите;
5. обезбедување информации и информирање на младите;
6. водење база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи за потребите на Истражувачкиот центар на Агенцијата за млади и спорт;
7. редовна комуникација со Агенција за млади и спорт;
8. да биде контакт за сите младински прашања на органот на државната управа кон младите и јавноста.

Имајќи предвид дека оваа позиција е нова, таа треба да се развива и да се унапредува во согласност со искуството и обемот на ангажман што овие службеници го посветуваат за и со младите од својата секојдневна работа. Законот има предвидено доста широки дефиниции и надлежности за оваа позиција, што им остава простор на назначените службеници да работат на нејзино унапредување. Па така, службениците за млади можат да се посветат и да ја изградат својата кариера преку развој на една уникатна позиција што треба да ја унапреди младинската положба и да го подобри младинското учество и младинската работа.

4 Закон за административни службеници („Службен весник на РСМ", бр. 27/14).

5 Записник од педесет и седма седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 март 2021 година

## АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИТЕ ПОЛИТИКИ

Вклучувањето на службеникот за млади во рамки на подготовката и имплементацијата на политиките на ниво на институција е неопходно, со оглед на тоа дека секоја политика треба да ги вклучува младите. Службениците за млади имаат можност да работат на развој на оваа позиција од повеќе аспекти, а следствено на тоа и да го искористат максималниот потенцијал од постоењето на ваква пионерска идеја.

Токму затоа подолу се наведени активности што секој службеник за млади на локално и национално ниво може да ги примени во својата работа. Како и за секоја позиција така и за службениците за млади ова не претставува конечна и финална листа, туку може да се надополнува и да се менува според потребите на секоја институција.

| Активности за унапредување на младинското учество и младинските политики во рамки на секоја институција: |
| --- |
| развој на потенцијални можности (советодавни, консултативни, координативни активности) за вклучување на младите во процесот на креирање политики; |
| развој на механизми за вклучување на младите во процесот на донесување одлуки за редовни активности во согласност со годишната програма; |
| подготовка на посебна база на податоци на здруженија и формите на младинско здружување, во зависност од секторот на работа, а во соработка со Агенција за млади и спорт; |
| учество при подготовка на интерни документи во рамки на институцијата (програма за волонтерство, комуникациска стратегија) заради застапување на младинските аспекти во секоја јавна политика; |
| одредување полугодишни и годишни приоритети за младински политики во институцијата; |
| подготовка на годишен извештај за работата на институцијата во делокругот на младите, младинските прашања и политики и младинското учество; |
| одредување на потребата за финансиски средства од страна на институцијата за да се имплементираат приоритетите за младите и младинските политики (учество во подготовка на институционалниот годишен буџет); |
| подготовка на мислења за законски или стратешки документи кои опфаќаат или треба да опфаќаат младински прашања и политики; |
| подготовка на интервенции неопходни за зајакнување на младинските активности и консултација со клучните сектори во рамки на институцијата и развивање рамка за резултати; |

- планирање и следење на активностите за млади во рамки на институцијата;
- одржување информативни и работни состаноци со млади и здруженија на граѓани на редовна основа;
- иницирање и поддршка на младите и младинските политики од интерес за институцијата;
- редовна соработка со средни училишта, високообразовни установи, центри за вработување, центри за социјална работа и други институции;
- обезбедување информации и нивно споделување со младите преку разновидни пристапи за комуникација со младите (социјални медиуми);
- редовна комуникација со Агенцијата за млади и спорт за заемно споделување информации и консултации за младински прашања и политики;
- подготовка на предлог-активности и теми за мониторинг и истражување;[6]
- учество во подготовка на стратешки документи што директно или индиректно се однесуваат на младински прашања и политики.

6 Активности можат да бидат: анкети, интервјуа, евалуација на спроведени активности и процеси и слично.

## ПРОМОЦИЈА НА ПОЗИЦИЈАТА СЛУЖБЕНИК ЗА МЛАДИ

Како и секоја нова позиција во рамки на секоја институција, неопходно е нејзино претставување, односно активности за промоција на работата на позицијата. Подолу се претставени некои активности што можат да се спроведат од страна на службениците за млади.

### Организација на информативни состаноци со другите вработени во институцијата

Организирањето на информативен состанок со другите вработени од институцијата би било добар пример за соодветно информирање на колегите. На овој состанок, неопходно е да се претстават основните заложби на вршителот на работните задачи предвидени за оваа позиција, да се претстави потребата од оваа позиција за секоја институција, да се презентираат можностите за соработка и вклучување на младите во креирањето политики и донесувањето одлуки, да се претстави обврската за подготовка на активности и споделување информации за младите, како и процесот на буџетирање, односно финансирање на активностите за младите. Со ваков пристап ќе се обезбеди достапност до колегите и можност за идна соработка. Од голема важност е тоа што овој пристап ќе овозможи информирање на другите вработени и на функционерите од највисоко ниво за состојбата со младите и младинските прашања.

### Организација на координативни состаноци со младинските организации

Службеникот за млади, а и институцијата можат да воспостават механизми или активности преку кои ќе ги запознаат младите, младинските организации и нивните потреби. Координативните состаноци се препорачува да се организираат во рамки на институцијата за да се доближи институцијата до младите, а и младите да се запознаат со просториите на институцијата. На овој состанок, од страна на институцијата можат да се презентираат досегашните активности за млади. Најголем фокус треба да биде ставен на делот од состаноците кога младите и младинските организации ќе можат да ги искажат своите предизвици, мислења, ставови и предлози за ангажманот на службеникот за млади во иднина. Преку овие состаноци може да се подготвува и да се дополнува базата на податоци со младинските организации.

Во подготовката и имплементацијата на овие состаноци, службениците треба да внимаваат да ги вклучат во својата работа младите и младинските групи од ранливите категории (млади од ранливи заедници, млади со попреченост, млади од рурални средини и слично).

Службениците за млади на локално ниво треба да имаат вакви координативни состаноци и со локалните младински совети. Во зависност од темата за координација, некогаш е неопходно овие состаноци да се организираат и со поширок круг на младински организации.

### Подготовка на план со активности

Службениците за млади имаат обврска да изработат годишни извештаи за својата работа, т.е. за работата на својата институција во однос на младите, кои ќе бидат јавно објавени. Како резултат на изработката на извештаи, се претпоставува дека треба да се разработат и соодветни планови на активности за секоја институција. При подготовката на планот, службеникот за млади ќе ги консултира своите соработници, т.е. колеги, како и плановите во различните сектори кои можат да ги вклучуваат младите со цел да се воспостави институционална координација. Токму затоа е неопходно службеникот за млади да има детален преглед на сите активности што би сакал да ги спроведува во следниот период. Преку користење на посебна табела или, пак, други алатки, службеникот за млади ќе има добар преглед на својата работа, но и можност да ја следи имплементацијата на активностите.

### Претставување на планот на активности во рамки на институцијата и пред младите

Овој план на активности треба да биде разгледан и консултиран со сите сектори во институцијата, бидејќи несомнено ќе вклучува и поддршка од тие сектори за да се имплементираат активностите. Особено е важно да се консултира овој план и со секторите за финансии за да може да се гарантира финансирање на активностите и учество на службеникот при процесот на подготовка на буџетот на институцијата. Исто така, веќе подготвениот план за активности треба да се консултира и со младите за да можат сите страни да учествуваат во неговата подготовка.

### Имплементација на предвидените активности

По подготвениот план, треба да се започне со имплементација на активностите онака како што е предвидено во планот. Но веќе подготвениот план не ја исклучува можноста за негова доработка или разработка во текот на предвидениот едногодишен период. Во оваа смисла, често во општеството се случува да се променат општествените околности или, пак, да има теми што во одреден момент се приоритетни. Службеникот за млади секогаш треба да е отворен кон овие можности и да го приспособува својот план на новонастаната ситуација.

### Споделување информации и документи до младите

Ако се очекува од младите да учествуваат во процесите на институцијата кои ги засегаат нив, тогаш треба навремено да бидат информирани. Под навремена информираност во оваа форма се подразбира да им биде овозможен доволен период на младите (најмалку 10 дена, односно две седмици, во зависност од активноста, односно политиката) за разгледување на документите, политиките, односно за подготовка за учество на состанок. Преку ваков пристап младите ќе можат да ја стекнат довербата во самата институција и во намерите на службеникот за млади за нивно целосно вклучување во сите процеси.

**Следење на имплементацијата на активностите**

Со цел да можат да се исполнат целите предвидени за позицијата службеник за млади, а кои се наведени во ЗМУМП, потребно е да се следи имплементацијата на секоја активност. Па така, потребно е да се види дали активноста ја исполнила својата цел за којашто била спроведена или, пак, ќе бидат потребни дополнителни активности и напори за нејзина соодветна и сеопфатна имплементација. Според ова, доколку се организира состанок на кој младите треба да учествуваат во подготовката на одреден стратешки документ на институцијата, а на состанокот дојдат мал број организации, се претпоставува дека службеникот за млади треба да организира уште состаноци со цел да го добие мислењето на поголем број млади и младински организации.

## СОРАБОТКА СО ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ И НАЦИОНАЛНО СОВЕТОДАВНО ТЕЛО

За успешно застапување и имплементација на младинските политики и младинското учество, неопходна е соодветна координација меѓу сите носители и засегнати страни на оваа проблематика. Бидејќи младинските политики не се едносекторски, односно вертикално поставени политики, туку, напротив, унапредувањето на позицијата на младите е хоризонтално прашање, неопходна е соработка меѓу сите страни. ЗМУМП претставува правна основа врз којашто треба да се унапреди положбата на младите, па оттука е препорачливо службениците за млади да овозможат унапредување на сите предвидени постапки според опфатот на политиките на секоја институција.



Во надлежност на службениците за млади е развојот на различни советодавни постапки и процедури за соработка со сите засегнати страни. Институциите од државната управа, во својата работа и во однос на младинските политики неопходно е да ја следат и да ја консултираат работата на Националното советодавно тело. Според надлежноста, ова тело има советодавна и надзорна улога при спроведувањето на младинските политики и активностите за млади при органите на државната управа, па затоа следењето на записниците од средбите, извештаите за работи, најавите за средби или други активности на ова тело ќе им бидат од корист на службениците за млади.

Со оглед на тоа дека дел од младинската политика се програмира и спроведува на национално ниво, а дел се програмира и имплементира на локално ниво, неопходна е соработка на назначените службеници за млади на национално ниво со органите и луѓето надлежни за млади и младински политики на локално ниво. Редовната комуникација и соработка на службениците за млади на национално и локално ниво, со локалните младински совети, ќе овозможи и запознавање со локалните младински потреби и предизвици и нивно преточување во национална легислатива, односно стратешка рамка.

**Комуникацијата со младите** и информирањето на младите од страна на службениците за млади може да се одвива преку стандардните социјални алатки (Фејсбук, Инстаграм, Твитер и слично), но може да се унапредува и преку соработката на службениците за млади со локалните младински совети. Преку соработката со локалните младински совети можат да бидат успешно имплементирани иновативни начини на споделување информации (како е-весник[7]) или, пак, прибирање на мислењето на младите (преку кратки анкети[8]). Во овие совети членуваат разновидни локални организации, па службениците за млади преку овој пристап овозможуваат споделување на информацијата со сите млади, односно вклучување на мислењето на сите млади.

Со оглед на динамичноста на младинскиот сектор, службениците за млади треба да ја поддржуваат младинската политика и младинските форми на организирање преку присуство и промоција на активностите што доаѓаат од овој сектор. Многу често тоа опфаќа присуство на настан, промоција на истражување и слично, но присуството на службениците за млади не само што означува поддршка за младинските организации, туку и им овозможува да се запознаат со предизвиците на младите од прва рака, да се запознаат со младите и младинските организации, да бидат препознаени кај младите поради својата работа и посветеност и да ја промовираат својата работа и своите заложби.

7 Електронскиот весник претставува форма на информирање на младите и на сите засегнати страни за изминатите активности, но и за идните активности и планови за работа на институцијата. Овие електронски весници можат да се споделуваат преку електронска порака, но истите можат да бидат достапни и на веб-страницата на институцијата. Исто така можат да се промовираат и преку социјални медиуми за да стигнат до што поголем број млади луѓе.

8 Имплементацијата на вакви кратки анкети вклучува кратки прашалници (5-7 прашања) кои ќе им овозможат на младите да го искажат своето мислење. Можат да бидат подготвени за онлајн спроведување и да се споделуваат преку социјалните медиуми или, пак, да се испраќаат целно преку е-адреси до определени млади.

Според ЗМУМП, се предвидува одвојување на средства од државниот буџет и од локалните буџети[9] за спроведување младински активности. Ваквата заложба на законодавецот е особено значајна поради поддршката на политиките од оваа област. Па токму затоа е значајна соработката на службениците за млади на национално и локално ниво со локалните младински совети. Во таа насока, сите заложби на младинските тела треба да се вложат кон што поголем финансиски опфат на активности, координирана акција за најистакнатите предизвици на младите, како и внимание за насочувањето на финансиските средства во уникатни активности, односно активности што не се повторуваат на повеќе места од страна на повеќе институции.

**Вмрежувањето** помеѓу службениците за млади е неопходно за секоја младинска политика. Младинските политики и младинското учество секогаш опфаќаат повеќе сектори и повеќе области, па заради полесна координација, размена на информации, директно определување на надлежност и одговорност за младинските политики, неопходно е службениците за млади да соработуваат и да се вмрежуваат секојдневно во својата работа.

## САМОЕВАЛУАЦИЈА НА СВОЈАТА РАБОТА

Во согласност со заложбите што произлегуваат од ЗМУМП, службениците за млади треба да изготвуваат годишни извештаи за својата работа, кои ќе бидат јавно објавени на веб-страницата на секоја институција. Заради успешна и сеопфатна подготовка на годишниот извештај, но и заради евалуација на работата и ангажманот на службениците за млади, се препорачува службениците за млади да ја проценуваат успешноста од својата работа преку евалуација.

Во овој прирачник е предложена форма за евалуација што може да се следи онака како што е дадена, но и да се унапредува во согласност со развојот и потребите на позицијата. Истата е подготвена според описот на работните задачи, кој е изгласан на седница на Владата на Република Северна Македонија, како и според дополнителните предлог-активности кои водат кон ефикасност, ефективност и успешност на позицијата службеник за млади.

Процесот на самоевалуација во оваа форма се заснова на трите основни цели за оваа позиција, и тоа: почитување и застапување на основните вредности на младинските политики, стимулативна средина за младите и активна соработка со млади. Секоја од овие цели понатаму е разложена на соодветни активности. Во оваа смисла листата не е исцрпувачка и секогаш може да се додадат нови активности и нови цели за да се унапреди оваа позиција (прилог 3).

ЦЕЛ 1. **Почитување и застапување на основните вредности на младинските политики:**

- поттикнувам сеопфатно учество на сите заинтересирани млади во процесот на одлучување и во подготовката на младински политики;
- редовно комуницирам со службениците за млади на локално и национално ниво;
- ги вклучувам младите и младинските организации кои ги застапуваат правата на маргинализираните и ранливите групи на млади во процеси на консултации и донесување одлуки;
- редовно и заеднички преземам активности во соработка со младите и младинските организации.

[9] Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ", бр. 10/20), член 25 ставови 1 и 2.

**ЦЕЛ 2. Овозможувачка средина за младите:**

- мојата институција ја препознава позицијата службеник за млади како одговорна за младинските политики и младинското учество;
- организирам координативни и советодавни состаноци меѓу младите, младинските организации и претставниците на институцијата;
- се ангажирам за што поголема вклученост на младите во процесот на одлучување и креирање политики за млади;
- ги следам и ги имплементирам европските и меѓународните документи за унапредување на положбата на младите;
- учествувам во изработката на правните и стратешките документи на институцијата заради унапредување на положбата на младите;
- учествувам во советување и давање предлози на институцијата со цел интегрирање на младинските мислења и интереси;
- постигнати се успеси при вклучувањето на младите во процесот на одлучување и креирање политики во рамки на институцијата;
- институцијата има креирано различни пристапи за комуникација со младите и за прибирање на нивното мислење.

**ЦЕЛ 3. Активна соработка со млади:**

- активно ги информирам младите за активностите и политиките на институцијата за младите (под активно информирање се подразбира информирање иницирано од страна на институцијата, не на барање на младите);
- ги помагам и ги поддржувам процесите за добивање потребни информации од институцијата, а кои ги побарале младите;
- запознаен/а сум со програмите и активностите на младинските форми на здружување;
- редовно ги споделувам успесите на младите со пошироката заедница и внатре во институцијата.



Овој пристап ќе им помогне на службениците за млади поедноставно да го подготват и годишниот извештај. Квалитативната формулација, односно изборот на описниот пристап при самоевалуацијата на активностите, ќе им овозможи на службениците да ги искажат и предизвиците со кои се соочиле.

Секогаш при подготовка на оценувањето, односно самоевалуацијата, потребно е и квантитативно мерење на активностите, мерење преку бројки, што ќе го илустрира со бројки опфатот на работата на службеникот за млади. Токму затоа е дадена и листа на индикатори кои ќе помогнат во исполнување на оваа цел.

| **Квантитативни индикатори за мерење на работата на службениците за млади:** |
|---|
| број на иницирани мерки за млади; |
| број на млади и форми на младинско здружување вклучени во консултативен / советодавен процес; |
| број на одржани состаноци со млади и форми на младинско здружување; |
| број на одржани состаноци со службениците за млади од други институции; |
| број на одржани состаноци со локални младински совети; |
| број на иницирани истражувачки теми и прашања; |
| број на спроведени консултации со вработени во институцијата; |
| број на подготвени мислења/забелешки или други форми на формална и неформална комуникација со вработени во институцијата по повод млади и младински прашања; |
| број на средби и јавни настани организирани од страна на форми на младинско здружување на кои присуствувал службеникот за млади; |
| број на иницирани објави (активна комуникација) со младите преку социјалните медиуми; |
| број на нови иновативни начини на комуникација со младите; |
| подготвени формални/ неформални документи за редовна комуникација со младите; |
| подготвена и редовно ажурирана база на податоци на форми на младинско здружување за потребите на институцијата; |
| број на стратешки документи во институцијата во кои службеникот за млади учествува при нивно креирање (комуникациска стратегија, програма за волонтерство итн.); |
| број на активности реализирани и побарани за финансирање од државниот / локалниот буџет. |
| Оваа листа не е исцрпна листа и секогаш може да се додаваат квантитативни индикатори што ќе ја изразат работата на службениците за млади и институцијата преку бројки. |

## ПРИДОБИВКИ ЗА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ЗА МЛАДИ

Воспоставувањето на една ваква функционална позиција во рамките на секоја институција на локално и национално ниво, ја потенцира отвореноста и поддршката на институциите за вклучување и имплементирање на младински прашања и политики на највисоко ниво. Истовремено создава и обврска за институцијата за вклучување на младите во процесите на одлучување, информирање на младите, но и вклучување на младинските прашања и програми како дел од редовната секојдневна работа на секоја институција. Па така, службеникот за млади има уникатна позиција да биде мост, врска и поддршка за активно вклучување на „идната генерација носители на одлуки" во рамки на секоја институција.

**Поефикасно справување со потреби и предизвици:** преку соработка со институциите, младите и формите на младинско здружување, службениците за млади ќе можат слободно да ги искажат потребите и предизвиците со кои се соочуваат при имплементација и унапредување на политиките на институционално ниво. Токму ваквиот пристап ќе им овозможи да работат на надминување на овие потреби и предизвици заедно со младите, а со тоа и унапредување на поставеноста на службениците за млади на институционално ниво.

**Можност за учење на повеќе нивоа:** соработката со младите секогаш го вклучува процесот на учење и пренесување знаења. Па така, соодветно, постои единствена можност за службениците за млади да ги надополнуваат своите знаења за новите младински политики, за предизвиците на младите и да си споделуваат искуства. Шансата да се учи изворно од оние што се борат за своите права и должности, е секако одлична можност. Згора на сѐ, со оглед на правецот што го има земјата (зачленување во Европската Унија), службениците за млади заедно со младите ќе имаат можност за широко запознавање на младинските политики на регионално и европско ниво.

**Унапредување на кариерата:** покрај поодговорно, транспарентно и финансиски поддржано креирање на младински политики и вклучување на младите, службениците за млади преку користење активен пристап до младите и формите на младинско здружување можат да си помогнат во зајакнувањето на своите кариери, односно напредок на своето работно место. Преку свое етаблирање како одговорни лидери, односно креатори на политики, во време кога општеството се соочува и со други предизвици, службениците за млади можат да работат на унапредување на својата позиција во институцијата во која работат.



## ПРЕДИЗВИЦИ ЗА СООДВЕТНО ОСТВАРУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА

При остварување на секоја нова функција постојат одредени предизвици со кои можат да се соочат службениците за млади. Овој процес е познат и кај други назначени лица на функции, кои со соодветен ангажман и посветеност го добиле своето место во секоја институција.

### 1. Недоволна информираност за службеникот за млади во институцијата

Оваа функција е нова, па секогаш постои можност истата да не е соодветно препознаена од колегите, односно другите вработени во институцијата. Од друга страна, пак, за да може службеникот за млади да има една сеопфатна слика за сите политики во институцијата, неопходно е да биде препознаен од другите вработени. Па така, организирање состанок со вработените е неопходно заради запознавање и информирање. Преку споделувањето на активностите од планот на активности, уште повеќе се влијае на успешното позиционирање во институцијата и учество и придонес кон сите активности.

### 2. Намалена институционална и политичка волја и поддршка за остварување на позицијата

Поради промена на позиции, односно недоволна информираност за важноста што ја има оваа позиција, може да се намали институционалната и политичка поддршка што веќе била воспоставена. Дел од предложените активности за надминување на овој предизвик, секако, треба да биде состанок со функционерот на институцијата, на којшто службеникот за млади би го презентирал досега сработеното, како и идните активности. Како следен чекор би можело да се организира консултативна средба со младите, на која би присуствувал и функционерот и другите раководни нивоа во институцијата, на којашто би можеле да ги искажат своите ставови и предлози за унапредување на работата на институцијата преку соодветна и сеопфатна примена на младинските политики. Младите се категорија која несомнено може да придонесе кон иновативност и креативност при извршување на редовните активности, па затоа се препорачува еден ваков пристап.

### 3. Младинските политики и младинското учество не се препознаваат како потребни при работата на институцијата

Овој предизвик особено може да е изразен кај институции кои сметаат дека во нивната работа и нивните политики е тешко вклучувањето на младите, односно институции кои работат со доверливи податоци. Токму затоа службеникот за млади треба да пристапи соодветно, заедно со младинските организации, преку своите идеи за тоа каде би можеле да се вклучат институциите без да се нарушат работата и правилата според кои работат одредени институции. На младите им е потребно да ги научат и овие правила и прописи за да можат соодветно да ги ползуваат своите права.

### 4. Недостиг на финансиска поддршка за активностите на институцијата

Недостигот на финансиски средства претставува сериозен предизвик за службеникот за млади. Така се ограничуваат можностите за имплементација на активностите и за унапредување на положбата на младите. ЗМУМП предвидува задолжително финансирање на активностите од законот, и тоа 0,3 % од националниот буџет, односно 0,1 % од буџетите на локалната самоуправа. Токму ова треба да претставува и основа на која ќе се повикува службеникот за млади при обраќањето до креаторите на буџетот. Неопходно е службеникот да биде однапред подготвен за потребите за финансирање на активностите (односно пред иницирање на постапката за креирање буџет) за да може навремено да пристапи кон овој процес. Понатаму, службеникот за млади треба во оваа насока да го искористи вмрежувањето меѓу службениците за млади на национално и локално ниво, заради координираност и за да се искористат максимално финансиските средства. Исто така, преку процесот на вмрежување можат да се разменат и позитивни пристапи меѓу службениците заради зголемување на ефективноста и ефикасноста од нивната работа.

### 5. Недоволна информираност за младинските организации во институцијата со кои би можел да комуницира службеникот за млади

Многу често може да се случи службеникот за млади потешко да препознае кои би биле младинските организации со кои би можел да соработува. Некогаш ова навистина претставува предизвик, но сепак отвора многу можности за службеникот. Организирањето повеќе консултативни состаноци може да придонесе кон подобрување на оваа ситуација. Така ќе може да препознае кои организации се активни или, пак, помалку активни во овој сектор и можат да се вклучат во работата. Заради соодветно вклучување на сите млади, треба да се поттикнуваат на учество и вклучување на состаноците оние организации што се помали по бројност, помалку активни или, пак, работат со специфични групи на млади. Па дури и широки состаноци со повеќе организации на редовно ниво ќе придонесат многу повеќе кон иновативни идеи и креативен пристап во институцијата. Понатаму, навременото информирање и испраќање документи и информации до младите ќе придонесе кон нивно соодветно запознавање со работата и активностите на институцијата и за препознавање на своето место при креирање на политиките на институцијата.

# ПОГЛАВЈЕ 2
# ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ПОВРЗАНА СО МЛАДИ

## ШТО ОПФАЌА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ?

Собранието на Република Северна Македонија, во 2020 година го донесе Законот за младинско учество и младински политики. Всушност, ова е првото законско решение во земјата што го уредува вклучувањето на младите во процесот на донесување одлуки од страна на институциите на национално и државно ниво.

Законот треба да го зајакне учеството на младите во процесите на одлучување, па ги обврзува институциите да обезбедат и активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, но и зајакнување на општествената свест за улогата на младите во општеството.

Овој закон ја препознава **независноста, плурализмот и демократијата во сите форми на младинското организирање на сите нивоа** и препознава неколку форми на младинско организирање и нивно вклучување во креирањето политики на повеќе нивоа.

Со овој закон, младите и младинските организации добија и свој регистар, таканаречен *Регистар на младински организации и организации за млади*[10], кој го води Агенцијата за млади и спорт.

Заложбите на државата и институциите за унапредување на младинската положба и учество на младите во процесот на донесување одлуки, се изразени преку воспоставување *Национално советодавно тело за младински политики*, како национално советодавно тело.

На локално ниво, исто така постојат форми на младинско организирање, па така се предвидуваат *локални младински совети* како тела во рамки на општините и Градот Скопје. До донесувањето на овој закон, многу општини ги имаа предвидено локалните младински совети како младинско организирање со советодавна и застапувачка улога во општините, но со донесувањето на овој закон, локалните младински совети добија и свое законско решение.

**Како контактни точки на младите до властите на сите нивоа, се предвидуваат неколку форми, и тоа канцеларија за млади, младински центри и службеници за млади.**

[10] Агенција за млади и спорт, Регистар на граѓански организации, достапен на https://ams.gov.mk/mk/page/register-of-youth-organizations, пристапено на 14 август 2022 година

## НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

Националната стратегија за млади[11] претставува документ кој има за цел подобрување на општата положба на младите во земјата, унапредување на нивното учество и нивната благосостојба. Првата стратегија за млади во Република Северна Македонија е донесена во 2005 година од страна на Владата на Република Северна Македонија. Нејзиното времетраење беше предвидено за период од 10 години, односно од 2005 година до 2015 година.

Во текот на 2015 година започнаа консултации за подготовка на нова стратегија за млади. Овој процес на изработка на оваа стратегија го водеше Агенцијата за млади и спорт во соработка со Програмата за развој на Обединети нации (УНДП). По спроведениот консултативен процес, во 2016 година се донесе нова Национална стратегија за млади[12]. Оваа стратегија повторно беше донесена за десетгодишен период, односно за период 2016 – 2025 година. Оваа стратегија е поделена на 9 области, кои треба да придонесат за унапредување на положбата на младите во општеството, и тоа: младинско учество, локална младинска работа, младинско информирање, вработување, образование, култура, спорт, здравје и квалитет на живеење.

Времетраењето на Националната стратегија за млади 2016 – 2025 е скратено со ЗМУМП и со предвидувањето за донесување нова стратегија за петгодишен временски период. Заради имплементација на оваа Национална стратегија, се изработува и акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација на спроведувањето на Националната стратегија за млади. Времетраењето на еден акциски план може да биде од една до три години, односно за имплементација на една национална стратегија за млади, неопходно ќе биде донесување на најмалку два акциски плана. Акциските планови, како и националната стратегија за млади се донесуваат од страна на Владата на Република Северна Македонија. За активностите предвидени во овие акциски планови, односно за имплементација на целите на националната стратегија за млади се обезбедуваат средства од националниот буџет. Акциските планови се изработуваат од страна на Агенцијата за млади и спорт, но за нивно донесување, односно доставување до Владата на Република Северна Македонија, неопходно е Агенцијата да има прибавено мислење од Националното советодавно тело за млади.

---

[11] Национална стратегија за млади 2016-2025 година и Акциски план за нејзино спроведување, достапна на https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies, пристапено на 14 август 2022 година

[12] Влада на Република Северна Македонија, Усвоена Национална стратегија за млади 2016 – 2025 година, преземено од https://vlada.mk/node/11816, пристапено на 25 август 2022 година

## ЗАКОНСКО РЕГУЛИРАЊЕ НА МЛАДИНСКИТЕ ПРАШАЊА

Младинското учество во процесите на одлучување во рамки на Република Северна Македонија не е загарантирано само на национално и локално ниво преку постоењето на ЗМУМП. *Законот за високо образование*[13] има свој обемен дел што е наменет на студентското здружување, студентското собрание и нивно демократско учество во процесот на одлучување на факултетско, универзитетско и интеруниверзитетско ниво. Овој Закон предвидува учество на студентите во процесот на одлучување на факултетско и универзитетско ниво преку еден демократски процес и застапување на интересите на сите студенти.

За разлика од Законот за високо образование, *Законот за средно образование*[14] во себе не вклучува одредби за средношколско организирање и учество во креирање политики и донесување одлуки на средношколско ниво, иако потреба за нивно вклучување постои, особено ако се земе предвид дека веќе постојат форми на средношколско организирање и истите комуницираат со институциите на сите нивоа. Создавањето активни граѓани, свесни за предизвиците и одговорностите во општеството, е неопходно да започне од најрана фаза. Токму затоа средношколското организирање е многу важен дел од целокупниот процес во државата, со цел да се учи и практикува демократијата.



13 Закон за високото образование, Консолидиран текст, („Службен весник на РМ" бр. 82/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 178/2021).

14 Закон за средното образование, консолидиран текст, („Службен весник на РМ" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 229/2020).

Во 2020 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе *Законот за младински додаток*[15], чијашто првенствена цел е да го унапреди животот на младите лица во земјата. Овој закон предвидува поттикнување на вработувањето на младите лица во производствените дејностите по завршување на средното образование. На овој начин истовремено се придонесува за подобрување на нивниот животен стандард, а воедно и се задоволуваат потребите на работодавачите со соодветна квалификувана работна сила. Висината на финансискиот надоместок – младински додаток предвиден со овој закон е 3000 денари месечно и предвидено е да им се исплаќа на млади лица до 23 години со завршено најмалку средно образование. Според овој Закон, предвидено е младински додаток да користи младо лице кое е:

- опфатено со задолжително социјално осигурување по основ на вработување кај работодавач или самовработување со претежно производствена дејност;
- вработено во приватна агенција за вработување и е отстапено на работа кај работодавач со претежно производствена дејност или е опфатено во задолжително социјално осигурување како индивидуален земјоделец.

Младинските политики во себе вклучуваат многу аспекти од правата и функционирањето на младите во едно општество. При градењето на младите како активни граѓани, потребно е да се истакне и признае нивниот ангажман при волонтирањето. Волонтирањето на младите и воопшто поимот *волонтерство* во Република Северна Македонија е регулиран со Законот за волонтерство[16]. Овој закон во себе ги регулира правата и обврските на волонтерите, но и на организаторите на волонтерството, го промовира волонтерството во општеството и строго забранува негова злоупотреба. Со цел да може да се евидентира волонтерството, Законот предвидува и волонтерска книшка во која се запишува периодот на волонтирање, организаторот на волонтерството, видот на волонтерската работа и обуките што ги добил волонтерот во текот на процесот на волонтирање.



15 Закон за младински додаток („Службен весник на РСМ“, бр. 18/2020).

16 Закон за волонтерство („Службен весник на РМ“, бр. 85/2007).

# ПОГЛАВЈЕ 3
# ПРОЦЕС НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

## ПРОЦЕС НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Креирањето и донесувањето на локалните политики и програми е во надлежност на органите на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), додека пак општинската администрација има голема улога во нивното спроведување. Со програми и планови се уредуваат и се разработуваат одредени прашања за извршување на законите и другите прописи со кои е пренесена надлежноста на општината, а за што е потребно да се предвидат рокови и динамика на нивно извршување.

Процесот на децентрализација им овозможи на граѓаните да учествуваат во креирањето на локалните програми на активности преку примена на разните форми на директна и партиципативна демократија, како што се граѓански иницијативи, петиции, референдуми, форуми, граѓански собири итн. Што се однесува до креирањето на специфични политики, планови и програми, локалната самоуправа може да се консултира директно со засегната група граѓани.

Општините треба да обезбедат листа на услуги што се под нивна одговорност, како што се: урбанизам, заштита на животна средина и природа, локален економски развој, комунални дејности, култура, спорт и рекреација, социјална заштита, образование, здравствена заштита, заштита и спасување на граѓани, противпожарна заштита. Овие услуги директно ги засегаат младите и влијаат на нивната добросостојба во заедницата. Оттука младите треба да бидат консултирани по прашања што се однесуваат на општинските услуги.

**Службеникот за млади треба да ја претставува врската меѓу младите и различните општински сектори во насока на остварување на различните општински услуги.**

Со цел да се зголеми младинската партиципативност, се препорачува почесто да се применуваат електронски прашалници и анкети, интернетски апликации. Општините сè почесто ги користат сопствените интернет-страници и социјални медиуми за да информираат, известат, но и да реагираат на добиени коментари, забелешки и предлози.

Општините можат да остваруваат меѓуопштинска соработка преку формирање заеднички тела и комисии, административни тела, јавни претпријатија, јавни установи или една општина може да врши работи за други општини. Меѓуопштинската соработка треба да ги опфати и прашањата што се од интерес за младите и младинските политики на поголема територија.

Оттука е неопходно службениците за млади од различни општини редовно да комуницираат и да разменуваат информации за унапредување на младинските политики и подобрување на животот на младите во одреден регион.

Изработката на стратешките документи за младински политики и спроведувањето на активностите за младинско учество на локално ниво вклучува одредени финансиски импликации во рамките на буџетот на општината.

Буџетот на општината е утврден со Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа[17] и се однесува за период од една фискална година, а започнува на 1 јануари и трае до 31 декември. Основа за подготвување на буџетите на општините се стратешките приоритети на Владата и Министерството за финансии, предлогот на стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика, како и приоритетите на општините.

***Процес на буџетирање на локално ниво***

Службеникот за млади треба да е запознаен со процесот на донесување на буџетот на локално ниво, особено со буџетскиот календар со кој се утврдуваат роковите за планирање и изработка на буџетот за наредната фискална година. Службеникот за млади треба активно да учествува во креирањето на буџетот на општината со доставување предлог-пресметки во периодот јуни-јули. Секторот за буџети на општината врши анализирање на доставените предлог-пресметки и според тоа се одредуваат приоритетите. Министерството за финансии, заклучно со 30 септември, доставува до градоначалникот на општината буџетски циркулар во кој се содржани насоките за подготовка на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната буџетска година и информации за дотациите до единиците на локалната самоуправа, кои се трансферираат од централниот буџет. По добивање на буџетскиот циркулар, градоначалникот до Советот на општината доставува предлог-буџетски календар кој ја содржи целокупната постапка во донесувањето на буџетот со можни датуми за извршување на тие активности. Потоа градоначалникот и општинските служби изработуваат општински буџетски циркулар што се доставува до корисниците на буџетот. Службениците за млади треба да се вклучат во овој процес во кој се работи на предлог-план и развојни програми и се одржуваат јавни расправи, па се доставуваат до Советот на разгледување најдоцна до 20 октомври во тековната година. Најдоцна до 15 ноември Советот ги донесува предлог-програмите. Во периодот до 25 ноември, буџетот е јавно претставен во електронските медиуми, се одржуваат јавни дебати и собирање на предлози од граѓаните, здруженијата на граѓани и бизнис-заедницата. До 1 декември градоначалникот го доставува буџетот до Советот, кој води расправа по него и го донесува до крајот на декември.

Градоначалникот на општината е одговорен за спроведување и извршување на буџетот. На крајот на секоја фискална година се донесува годишна сметка на буџетот на општината, документ што е јавно достапен.

**Вклученоста на службениците за млади во процесот на креирање на буџетот на локално ниво е исклучително важна за ефективно застапување, т.е. од буџетите на општините за младите да се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво, утврдено со Законот за младинско учество и младински политики.**

[17] Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник", бр. 61/2004), стр. 2.

Од страна на соодветно назначени лица во општината редовно се следи спроведувањето на усвоените стратегии и програми за работа на локално ниво. Освен мониторинг на локалните стратегии, се спроведува и евалуација на имплементацијата на стратешките документи за да се утврди дали планираните цели на локалната политиката се постигнати на ефикасен начин според поставените индикатори. На ваков начин се мери и се евалуира спроведувањето на локалните младински политики.

## ДОБРИ ПРАКТИКИ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МЛАДИТЕ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Во процесот на консултација на младите, институциите треба да ги земат предвид нивните различности, како што се етничката припадност, социоекономското потекло, степенот на образование и нивните заеднички работи.

Основањето на локалните младински совети во Република Северна Македонија започна многу порано од донесувањето на ЗМУМП. Постојат повеќе иницијативи за дејствување на младинските граѓански организации за да се воспостави моделот на младински совети во општините. Така, на пример, Коалицијата на младински организации СЕГА уште од 2008 година работи на воспоставување на моделот на младински совети во општините. И Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во периодот 2015 – 2020 година спроведе конкретни активности за јакнење на локалните младински совети во повеќе општини, како што се обуки за градење на капацитетите на членовите на локалните младински совети, поддршка на нивното функционирање, како и поддршка на подготовката на локални младински стратегии и спроведување акциски планови. Всушност, поддршката и постоењето на еден ваков механизам за консултација со младите на локално ниво предизвика дополнителна потреба за регулација на оваа област и преземање на ваквите позитивни примери од страна на сите локални самоуправи.

Засега младите најчесто се вклучуваат при спроведување на проекти поддржани од домашни или меѓународни организации. Како пример можеме да ги наведеме активностите спроведени во општините Чаир, Куманово, Аеродром и Кисела Вода во областа на животната средина. Се работи за иницијатива на млади активисти на здружението „Биди зелен“, кои ги реализираат младинските еколошки барања. Позитивно е дека дел од овие барања се веќе исполнети[18].

Друг позитивен пример е моделот „Младински локални банки“, воден од организацијата „Младите можат“ со цел да ги идентификува потребите на младите на локално ниво. „Младински банки“ претставуваат иновативен модел и програма за создавање грантови, а се спроведува во општините Карпош, Ѓорче Петров и Аеродром. Преку нив се овозможува финансирање на локалните акции за финансирање на предлозите за подобрување на положбата на младите луѓе во општината[19].

18 Биди зелен, https://www.bidizelen.org/

19 Младите можат, https://youthcan.org.mk/

## ПРОЦЕС НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

Процесот на креирање јавни политики на национално ниво вклучува во себе креирање законска рамка за одредено прашање (закони) или, пак, креирање стратешки документи и планови за некои прашања. Во оваа насока, неопходно е службениците за млади да можат да препознаат кое од младинските прашања бара регулирање со одредени законски текстови, а кои прашања, пак, треба да бидат стратешки определби на институциите.

Еден од принципите на ОЕЦД/СИГМА за креирање ефективни јавни политики, е развивање политики и законодавни акти што се инклузивни и базирани на докази[20]. Ова е всушност едно од најважните начела кога треба да се креира младинската политика. Во секоја институција, иницирањето на одредена младинска политика или мерка треба да биде во надлежност на службениците за млади. Всушност, координацијата и управувањето со целиот процес треба да го водат токму тие. Инклузивноста на младите и нивното вклучување може да се обезбеди и преку консултативни процеси или, пак, спроведени истражувања за нивното мислење, но има и алатки кои на структуриран начин, во согласност со прописите го обезбедуваат учеството на заинтересираните млади во процесот на креирање законски текстови. Една ваква алатка е *Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија* или скратено ЕНЕР[21], каде што секој член на предлог-законот, односно предлог-измената и дополнување се отворени за консултација и забелешки. Предлозите може да се прифатат или одбијат од страна на институцијата, а притоа институцијата има обврска за образложение до поднесувачот на предлогот. Токму оваа алатка може да се искористи од службениците за млади за споделување на информациите со младите и младинските организации, како и нивно вклучување во креирањето на политиките од значење за нив.

При креирањето стратешки документи и планови не е предвидена строга постапка што треба да се следи (како за креирање законски текстови), што остава можност за нејзино приспособување секогаш кога е потребно тоа. Па така, неопходно е службениците за млади првенствено да се обратат кон засегнатата група, односно младите и младинските организации. Од засегнатата група најдобро можат да се извлечат предизвиците и потребите на младите. Многу често за одредени проблеми веќе и има изготвено истражувања, па првичните заложби и мислења ќе бидат базирани на докази. Со оглед на потребата, може да се одржат повеќе средби и состаноци со засегнатите страни, бидејќи тие претставуваат основа за креирање цели, активности и индикатори за одредена политика во рамки на секоја институција.

При собирањето информации и мислења, институциите и службениците за млади можат да пристапат кон користење нови иновативни начини на електронско собирање податоци (кратки анкети, директни мислења, електронско прибирање на мислењата) од страна на младите за да допрат до сите млади. Со цел процесот да биде инклузивен, мора да се внимава на вклучување на младите од руралните средини, младите од различни етнички заедници, младите од ранливите групи, како и други групи на млади со цел да се оствари инклузивниот процес.

[20] ОЕЦД/СИГМА (Поддршка за подобрување на владеењето и управувањето), Развивање и координација на јавни политики, достапно на: https://goo.gl/iIATLU, пристапено на 25 август 2022 година

[21] Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија, https://ener.gov.mk/Default.aspx

При подготовката на вакви документи за јавни политики, често се случува да има партнерство помеѓу две или повеќе институции, односно организации. Ваквото партнерство може да придонесе за креирање јавен документ што ќе биде релевантен и ќе ги застапува интересите на повеќе страни. Фасилитатор или олеснувач на целиот процес може да биде службеникот за млади. Службеникот може да го координира овој процес кон надвор (младите и формите на младинско здружување), но и кон внатре (помеѓу колегите во институцијата). При соработките со институциите, односно другите службеници за млади, неопходно е да се внимава на сите веќе донесени стратешки документи и планови за нивна реализација за да се избегне преклопување на активностите.

Секоја политика, па следствено и секоја младинска политика со себе носи финансиски импликации. Финансиските импликации се изразени преку потребни средства за поддршка на активност од централниот/националниот буџет. Процесот на „буџетирање на активностите" треба да се одвива пред сè внатрешно во институцијата, но и надворешно во соработка со младите и другите институции. Ваквиот пристап е неопходен со цел да не се преклопи финансиската поддршка на овие активности со финансиска поддршка на исти активности од страна на други чинители.



***Процес на буџетирање на национално ниво***

Во насока на финансиска поддршка на активностите, службеникот за млади мора да биде добро запознаен со процесот на донесување на буџетот. Буџетот се однесува за период од една фискална година, односно од 1 јануари до 31 декември. Но креирањето на буџетот започнува многу порано, и тоа уште во јуни/јули, кога се бара ангажман и на службеникот за млади.[22] Во зависност од институцијата, во овој период се подготвува предлог-план за програми за развој што се доставува до Министерството за финансии. Понатаму до 1 септември, од страна на секоја институција се доставува „предлог-буџетско барање" до Министерство за финансии. По разгледувањето на сите буџетските барања од сите институции, Министерството за финансии доставува предлог-буџет до Владата, која треба да достави предлог-буџет до Собранието на Република Северна Македонија до 15 ноември за да се овозможи дискусија. Буџетот за следната година треба да биде донесен до 31 декември претходната година. Во оваа насока ангажманот на службениците за млади е неопходен за да се издвојат оние 0,3 % финансиска поддршка за имплементација на ЗМУМП и соодветно да се распоредат по активности. Токму затоа редовната комуникација и координација со сите сектори во институцијата би донеле до навремено вклучување и известување на службеникот за млади за фазата во која е процесот на финансирање.

Одредена јавна политика, односно одреден документ секогаш треба да биде донесен од највисоко ниво за да се изразат највисоките определби на институцијата за младинската политика. Донесувањето на политиките на највисоко ниво значи дека политиките мора да се одобрени од функционерите на органите. Покрај ова може да има многу мерки за млади за кои ќе биде неопходна координираност меѓу сите органи, и затоа е потребно донесување на ваквите стратешки документи и планови на ниво на Влада, односно седници на Влада (Национална стратегија за млади). Бидејќи различни политики се донесуваат на различно ниво во институцијата, службениците за млади се надлежни соодветно да го определат органот, односно раководителот/функционерот што ја донесува политиката.

По соодветно донесување на одредена стратегија или план, започнува процесот на спроведување, како и мониторинг и евалуација. Овие активности се особено важни бидејќи ја мерат успешноста на одредена политика, односно претставуваат основа за планирање и спроведување на нови политики. Во оваа насока, секоја јавна политика мора да содржи индикатори што би ја мереле нејзината успешност и степенот на влијание врз и за младинските политики.



[22] Закон за буџет, Службен весник на Република Северна Македонија, редакциски пречистен текст, достапен на https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/02/Закон-за-буџетите-Пречистен-текст.pdf

## ДОБРИ ПРАКТИКИ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МЛАДИТЕ И ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Донесувањето на **Законот за младинско учество и младински политики** е одличен пример за соработка на младинските организации со владините институции и Собранието на Република Северна Македонија. Всушност, донесувањето на ваков законски текст заедно со младите претставува највисоко ниво на учество при креирање заеднички политики за млади. Процесот беше широко инклузивен и започна во 2018 година, вклучувајќи трипартитна работна група формирана од Клубот за младински прашања и политики при Собранието на РСМ, кој беше подржан од НДИ, во која учествуваа претставници на државните институции, претставници на младинските организации и претставници на подмладоците на политичките партии. Консултациите за донесување на законот се одвиваа во рамки на работната група, посебни работни состаноци со други дополнителни чинители, како и консултации на локално ниво. Овој процес целосно беше поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Работната група МОН-МЛАДИ е еден позитивен пример за комуникација на институција како Министерството за образование со претставниците на младински организации, Универзитетско студентско собрание и Сојузот на средношколци. Оваа група има за надлежност да дискутира, соработува и наоѓа решенија за сите актуелни проблеми кои ги засегаат средношколците и студентите, како и за креирање нови младински политики, мерки и активности[23]. Засега оваа група има соработувано при донесување на неколку иницијативи, како што е, на пример, Законот за ученички стандард, односно Законот за студентски стандард и слично.

*Младинска гаранција или гаранција за млади*[24] е програма што ја промовираше ЕК во 2013 година и дополнително ја зајакна својата примена низ сите земји на ЕУ во 2020 година. Република Северна Македонија е прва земја која не е членка на ЕУ, а која одлучи да се вклучи и да ја имплементира оваа програма уште во 2018 година. Со Економско-инвестицискиот план на Европската Унија за Западен Балкан, Младинската гаранција се предвиде како една од водечките иницијативи и за истата може да се користи и поддршката на ИПА 3. Оваа програма ги опфаќа сите млади лица на возраст до 29 години кои не се пријавени како невработени во Агенцијата за вработување и веќе го завршиле своето образование. Овој процес на воведување на гаранцијата за млади претставува исто така еден позитивен пример на прифаќање на мислењата и ставовите на младинските организации, односно соработка со нив и институциите на национално ниво. Она што треба да се спомене е дека граѓанските младински организации, подолг период и во неколку извештаи и наврати се залагаа за вметнување на „гаранцијата за млади" како дел од владините програми во борба со младинската невработеност. Оваа програма се спроведува во земјата во соработка со граѓанските младински организации.

---

[23] Министерство за образование и наука, Ученичкиот и студентскиот стандард ќе продолжат да се унапредуваат преку работната група МОН – Млади, достапно на: https://mon.gov.mk/content/?id=5872, пристапено на 26 август 2022 година

[24] Гаранција за млади, Агенција за вработување, информации достапни на http://av.gov.mk/garancija-za-mladi.nspx, пристапено на 20 август 2022 година

# ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ

Во овој дел можете да се запознаете со дополнителни ресурси за младинските политики и учеството на младите во донесувањето на одлуките на регионално и меѓународно ниво. Познавањето на младинските политики на меѓународно ниво ќе придонесе за поуспешна работа и застапување на младинските интереси во секоја институција. Имајќи предвид дека Република Северна Македонија е членка на Обединетите нации и Советот на Европа, односно се стреми да биде членка во Европската Унија, познавањето на моменталните и идните заложби на овие организации за младинските политики и младинското учество е од исклучително значење за нашата земја.

1. Стратегија за млади на Европската Унија 2019 – 2027 година, https://europa.eu/youth/strategy_en

2. Младинска политика на Советот на Европа, https://www.coe.int/en/web/youth/council-of-europe-youth-policy

3. Добредојдовте во Кажете го своето! – прирачник за ревидираната Европска повелба за учеството на младите во локалниот и регионалниот живот, Совет на Европа, ноември 2015 година, https://rm.coe.int/have-your-say-manual-mk/168072a38a

4. Стратегија за млади 2030 на Обединетите нации, https://www.un.org/youthenvoy/wp-content/uploads/2018/09/18-00080_UN-Youth-Strategy_Web.pdf

5. Агендата 2030 за одржлив развој на Обединети нации, https://sdgs.un.org/2030agenda

6. Обединети нации, Конвенција за правата на детето (Њујорк 1989)

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Закон за младинско учество и младински политики, Службен весник на РСМ, бр. 10 од 16.1.2020 година

2. Агенцијата за млади и спорт, Национална стратегија за млади 2016-2025 година и Акциски план за нејзино спроведување, достапна на https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies

3. Агенција за млади и спорт, Регистар на граѓански организации, достапен на https://ams.gov.mk/mk/page/register-of-youth-organizations

4. Влада на Република Северна Македонија, Усвоена Национална стратегија за млади 2016-2025 година, преземено од https://vlada.mk/node/11816

5. Прирачник за локални младински совети, Агенција за млади и спорт и Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2021, достапен на https://www.osce.org/mk/mission-to-skopje/491135

6. Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија , https://ener.gov.mk/Default.aspx

7. ОЕЦД/СИГМА (Поддршка за подобрување на владеењето и управувањето), Развивање и координација на јавни политики, достапно на: https://goo.gl/iIATLU

8. Закон за младински додаток, Службен весник на РСМ, бр. 18 од 27.1.2020 година

9. Гаранција за млади, Агенција за вработување, информации достапни на http://av.gov.mk/garancija-za-mladi.nspx

10. Закон за високото образование, Консолидиран текст, „Службен весник на РМ" бр. 82/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 178/2021.

11. Закон за средното образование, консолидиран текст, „Службен весник на РМ" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 229/202

12. Закон за волонтерство, Службен весник на РМ бр. 85/07 од 09.7.2007

13. Стратегија за промовирање и развој на волонтерството за период од 2021-2025 година и План за спроведува (акциски план), https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/Volonterstvo_2021_2025.pdf

14. Национална стратегија за млади 2016-2025 година и Акциски план за нејзино спроведување, достапна на https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies

15. Регистар на граѓански организации, достапен на https://ams.gov.mk/mk/page/register-of-youth-organizations

16. Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Службен весник на РМ бр. 61 од 13.9.2004 година

17. Национална стратегија за млади (2005-2015), Агенција за млади и спорт

18. Европската повелба за учество на младите во локалниот и регионалниот живот, Microsoft Word - Charter for youth participation.doc (salto-youth.net)

19. Стратегијата за младинскиот сектор 2030, Совет на Европа, https://rm.coe.int/background-document-youth-sector-strategy-2030-english/1680a0bb33

20. Европски младински цели, European Youth Goals | European Youth Portal (europa.eu)

21. Резолуција на Советот на Европската Унија, Младинска Стратегија на ЕУ, 2019-2027 https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=uriserv%3AOJ.C_.2018.456.01.0001.01.ENG&toc=OJ%3AC%3A2018%3A456%3AFULL

22. Партнерство меѓу Европската Унија и Советот на Европа во областа на младите, https://pjp-eu.coe.int/en/web/youth-partnership/youth-work2

23. Универзална декларација за човекови права, резолуција 217 A (III), од 10.12.1948 година

24. Резолуција за младинска политика, Европски младински форум, 1998 година, 176-98-E (youthforum.org)

25. Европски младински форум, „Policy paper on youth rights", (2012) достапен на https://tools.youthforum.org/policy-library/wp-content/uploads/2021/04/Policy-Paper-on-Youth-Rights.pdf

26. Закон за административни службеници, („Службен весник на РСМ", бр. 27/14).

# ПРИЛОЗИ

## Прилог 1 – Годишен план за работа на службеникот за млади

Врз основа на Законот за младинско учество и младински политики, службеникот за млади е лице одговорно за спроведување и следење на прашањата од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата, го донесува следниов:

### Годишен план за работа за XXXX година (наведени се примери за активности)

| Работна задача | Вид активност | Начин на спроведување | Очекуван резултат | Временски период | Одговорни | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача 1:** развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите и младинските политики | **Активност 1:** развој на потенцијални можности за вклучување на младите во процесот на креирање политики | Средби со младите | **Резултат 1:** број на остварени средби<br><br>**Резултат 2:** активности за информирање на младите за можностите за вклучување | март – ноември | Институција<br>Организации | .... МКД (национален или локален буџет) |
| **Задача 2:** поддршка на работата на органот на државната управа, спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност | **Активност 2:** планирање и следење на активностите за млади во рамки на институцијата | Средби со претставници од различните сектори во општината<br><br>План за следење на активностите | **Резултат 1:** број на остварени средби<br><br>**Резултат 2:** изработен документ – план за следење | јануари – декември | | |
| **Задача 3:** | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

## Прилог 2 – Извештај за спроведување на годишниот план за работа на службеникот за млади

Службениците за млади изготвуваат годишни извештаи за работата на институциите во рамки на делокругот на млади, кои ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб-страниците на својата институција.

Број на документ:
Место и датум:
Контакт:
Подготвил службеник за млади:

**Извештај за спроведување на годишниот план за работа на службеникот за млади на општина XXXX за XXXX година**

Примери:

**Задача 1:** Развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите и младинските политики

Список на спроведени активности:

<u>Активност 1</u>

- Име/вид на активноста
- Опис на активноста
- Датум на спроведување
- Цел на активноста
- Постигнат резултат
- Податоци за број на средби, број на учесници (соодност помеѓу млади мажи и жени), профил на учесници, комуникација и сл.

Спроведувачи на активноста:
Потрошени средства за реализација на активноста:
Предизвици и научени лекции во спроведување на оваа задача:

<u>Активност 2</u>

- Име/вид на активноста
- Опис на активноста
- Датум на спроведување
- Цел на активноста
- Постигнат резултат
- Податоци за број на средби, број на учесници (соодност помеѓу млади мажи и жени), профил на учесници, комуникација, социјални медиуми и сл.

Спроведувачи на активноста:
Потрошени средства за реализација на активноста:
Предизвици и научени лекции во спроведување на оваа задача:

**Задача 2:** Поддршка на работата на општините, спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност

Список на спроведени активности:

Активност 1

- Име/вид на активноста
- Опис на активноста
- Датум на спроведување
- Цел на активноста
- Постигнат резултат
- Податоци за број на средби, број на учесници (соодност помеѓу млади мажи и жени), профил на учесници, комуникација и сл.

Спроведувачи на активноста:
Потрошени средства за реализација на активноста:
Предизвици и научени лекции во спроведување на оваа задача:

Активност 2

- Име/вид на активноста
- Опис на активноста
- Датум на спроведување
- Цел на активноста
- Постигнат резултат
- Податоци за број на средби, број на учесници (соодност помеѓу млади мажи и жени), профил на учесници, комуникација, социјални медиуми и сл.

Спроведувачи на активноста:
Потрошени средства за реализација на активноста:
Предизвици и научени лекции во спроведување на оваа задача:

**Задача 3:**

Активности што се префрлаат во наредната година:
Општ заклучок за спроведување на годишниот план за работа:
Прилози
Како прилог можат да се доставaт дополнителни документи како што се програми, агенди, извештаи од состаноци и активности и сл.

## Прилог 3 – Табела за самоевалуација на работата на службениците за млади

| Број | Активност | Да | Делумно | Не | Краток опис / забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 1. Почитување и застапување на основните вредности на младинските политики** | | | | | |
| 1. | Поттикнувам сеопфатно учество на сите заинтересирани млади во процесот на одлучување и во подготовката на младински политики | | | | |
| 2. | Редовно комуницирам со службениците за млади на локално и национално ниво | | | | |
| 3. | Ги вклучувам младите и младинските организации кои ги застапуваат правата на маргинализираните и ранливите групи на млади во процеси на консултации и донесување одлуки | | | | |
| 4. | Редовно и заеднички преземам активности во соработка со младите и младинските организации | | | | |
| **ЦЕЛ 2. Овозможувачка средина за младите** | | | | | |
| 5. | Мојата институција ја препознава позицијата службеник за млади како одговорна за младинските политики и младинското учество | | | | |
| 6. | Организирам координативни и советодавни состаноци меѓу младите, младинските организации и претставниците на институцијата | | | | |
| 7. | Се ангажирам за што поголема вклученост на младите во процесот на одлучување и креирање политики за млади | | | | |
| 8. | Ги следам и ги имплементирам европските и меѓународните документи за унапредување на положбата на младите | | | | |
| 9. | Учествувам во изработката на правните и стратешките документи на институцијата заради унапредување на положбата на младите | | | | |
| 10. | Учествувам во советување и давање предлози на институцијата со цел интегрирање на младинските мислења и интереси | | | | |
| 11. | Постигнати се успеси при вклучувањето на младите во процесот на одлучување и креирање политики во рамки на институцијата | | | | |
| 12. | Институцијата има креирано различни пристапи за комуникација со младите и за прибирање на нивното мислење | | | | |

| Број | Активност | Да | Делумно | Не | Краток опис / забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 3. Активна соработка со млади** | | | | | |
| 13. | Активно ги информирам младите за активностите и политиките на институцијата за младите (под активно информирање се подразбира информирање иницирано од страна на институцијата, не на барање на младите) | | | | |
| 14. | Ги помагам и ги поддржувам процесите за добивање потребни информации од институцијата, а кои ги побарале младите | | | | |
| 15. | Запознаен/а сум со програмите и активностите на младинските форми на здружување | | | | |
| 16. | Редовно ги споделувам успесите на младите со пошироката заедница и внатре во институцијата | | | | |

